Почитувани корисници,

Користењето на платежните картички, како средство за плаќање, станува се поголема пракса, која се повеќе придонесува за приспособување на корисниците на банкарските услуги на денешната динамика.

Согласно ширењето на обемот на користењето, би сакале да Ви посочиме и одредени превентивни мерки кои ќе придонесат за Ваша поголема сигурност при користењето на картичките на НЛБ Тутунска банка АД Скопје.

**Личните информации, како што се броевите на картички, ПИН кодовите и останатите информации кои овозможуваат лична идентификација и пристап, се од голема вредност затоа што претставуваат замена за Вашата присутност и потврда за Вашето одобрување. Разбирањето на улогата на овие информации ни овозможува создавање на подлога за спречување на евентуална злоупотреба. Дополнително препорачуваме следење на подолунаведените едноставни чекори и активности при спроведувањето на трансакциите:**

## КАКО ДА ПРИДОНЕСЕТЕ КОН СПРЕЧУВАЊЕ НА ЗЛОУПОТРЕБА ДОДЕКА ЈА КОРИСТИТЕ ВАШАТА КАРТИЧКА:

- При користењето на картичката, имајте ја на вид во секое време и земете ја картичката веднаш по комплетирањето на трансакцијата, осигурувајќи се дека е Вашата.
- Запаметете ги вашите лични идентификациони броеви (ПИН кодови), веднаш по добивањето на истите, без да ги запишувате. Имајте во предвид дека тоа се броеви кои не треба да ги соопштувате дури ни на вработените во Банката која Ви ја издала картичката. Многу е голема веројатноста дека запишувањето на вашиот ПИН код може да Ве чини многу повеќе отколку препечатувањето при негово заборавање.
- Секогаш бидете свесни за Вашата околина при спроведувањето на трансакциите и осигурајте се дека никој не е во можност да го види Вашиот ПИН код.
- Никогаш не потпишувајте бланко слипови или повеќе слипови за една трансакција. Повлечете линија преку било каков бланко износ кој се наоѓа над вкупниот износ на слипот.
- При успешна трансакција добивате слип во два примероци, еден за продажното место на кој е потребно да се потпишете и еден за Вас како потврда за трансакцијата. Осигурајте се дека на продажното место не му оставате повеќе слипови, дури и ако не сте ги потпишале при неуспешни трансакции.
- Чувајте ги слиповите од трансакциите како Ваша потврда. Слиповите од неуспешните трансакции не ги фрлајте без да ги уништите.
- Избегнувајте да го кажувате или давате бројот на картичката на било кое место каде што други се во можност да дојдат до него.
- Кога употребувате Банкомат (АТМ), осигурајте се дека никој не е околу вас. Притоа внимавајте на читачот каде ја внесувате картичката и испитајте дали евентуално се поставени било какви сомнителни додатоци. Во таков случај не ја вметнувајте картичката во Банкоматот и веднаш известете ја Банката.

## КАКО ДА ПРИДОНЕСЕТЕ КОН СПРЕЧУВАЊЕ НА ЗЛОУПОТРЕБА ДОДЕКА ЈА КОРИСТИТЕ КАРТИЧКАТА НА ИНТЕРНЕТ И ПРИ КУПУВАЊЕ ПРЕКУ ТЕЛЕФОН:

- Осигурајте се дека ја користите картичката кај респектирано интернет продажно место. Притоа прегледајте ги следниве информации:
  - Информации во врска со понудата – рокови на испорака, гаранциски услови, поништување на нарачката, дополнителни трошоци и тн.
  - Информации во врска со продажното место – постоењето на податоци во врска со адресата на компанијата, телефонски броеви, броеви за информации за потрошувачите можат да Ви помогнат да дознаете повеќе за нивото на квалитет на услугите кои ги нуди продажното место.
  - Информации во врска со сигурноста – Респектираните продажни места често овозможуваат информации во врска со начинот на заштита на информациите.

- Информации во врска со начинот на користењето на информациите (Privacy Policy) - Проверете ги начините на кои продажното место планира да ги користи информациите кои ги добива од Вас.

- Осигурајте се дека продажното место работи со солидни сигурносни мерки за трансфер на податоците преку интернет: појавувањето на нескршен клуч или катанец во десниот долен агол на Internet Explorer-от или пак ознаката на адресата на продажното место со https наместо со http, значат солидни мерки на сигурност при трансферот на податоците. Во случај на непостоење на овие знаци, ризикот од пробивање на податоците кои ги праќате е голем.
- Осигурајте се дека ги давате податоците потребни за трансакцијата само во случај кога сте решени да ја спроведете трансакцијата, не без причина.
- Не давајте дополнителни податоци, надвор од оние потребни за спроведување на трансакциите (број на картичка, датум на валидност на истата, име и презиме и дополнителните три сигурносни бројки од задната страна на картичката), за сите дополнителни податоци кои Ви се побарани советуваме претходно да се консултирате со својата банка.
- E-mail комуникацијата не е сигурен начин на комуникација, па заради тоа строго препорачуваме да не ги испраќате своите податоци преку E-mail.
- Внимавајте на E-mail пораки кои бараат од Вас да внесете Ваши лични податоци, посебно кога тие барања доаѓаат од компании кои веќе би требало да ги имаат тие податоци.
- Печатете и чувајте ги сите информации во врска со трансакциите што ги спроведувате преку интернет, заради едноставен подоцнежен пристап.

**КАКО ДА ПРИДОНЕСЕТЕ КОН СПРЕЧУВАЊЕ НА КРАЖБА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ:**

- Кражбата на личните податоци (Identity Theft) вклучува добивање на лични податоци и нивно искористување во контакт со корисникот заради добивање на финансиските податоци, преку кои може да се изврши злоупотребата.
- Најчеста форма на искористување е јавување на корисникот и обид да се убеди корисникот на картичката дека јавувањето е од банката, при што се користат личните податоци за да се дојде до финансиските (број на картичка, валидност, дополнителни три сигурносни бројки од задната страна на картичката) кои подоцна се користат за неовластени користења на картичката.
- Заради тоа потребно е во секое време да се осигурате дека личните податоци (име и презиме, матичен број, број на лична карта, адреса и тн.) нема да дојдат до неовластени лица кои подоцна може да ги злоупотребат.
- Најдобар начин е да избегнувате непотребно носење на документи кои содржат вакви податоци и нивно непотребно проследување.
- Потпишете ги Вашите картички веднаш по добивањето.
- Контактирајте ја банката доколку обновените картички не Ви се доставаат на време или доколку престанете да ги добивате месечните извештаи.
- Во случај кога се ослободувате од документи кои содржат вакви информации, осигурајте се дека документите се уништени, вклучувајќи ги и слиповите од трансакциите.
- Во никој случај не давајте податоци доколку не сте сигурни дека давањето е во ред, посебно не податоци за број на картичка, валидност на истата, име и презиме или дополнителни три сигурносни бројки од задната страна на картичката.

**ШТО ДА ПРАВИТЕ ВО СЛУЧАЈ КОГА СЕ СОМНЕВАТЕ НА МОЖНА ЗЛОУПОТРЕБА:**

- Веднаш контактирајте ја Вашата Банка, на телефонот за поддршка за корисници, кој е достапен 24 часа во текот на денот + 389 2 15 600.
- Информирајте ја Вашата Банка за случајот и побарајте совет.
- Доколку се сомневате на злоупотреба можете да побарате привремена блокада на картичката или пак реизработка на нова картичка.
- Редовно проверувајта ја состојбата на Вашата картичка и трансакциите на месечните извештаи и секоја сомнителна промена пријавете ја на Банката.
- Губењето или кражбата на картичката пријавете ја веднаш на погоренаведениот телефонски број.